# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА




Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА XII БРОЈ 57 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 ЈАНУАРИ/ФЕВРУАРИ 2023 ГОДИНА


Во овој број


**Страница 2**

ЧЕТРИНАЕСЕТ ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА

**Страница 3**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ОСТВАРИ СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ПОТПРЕСЕДАТЕЛ НА ВМРО-ДПМНЕ, АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, СЕ СРЕТНА СО СТУДЕНТИ ОД ГОЛО БРДО КОИ СЕ ШКОЛУВААТ ВО СКОПЈЕ

**Страница 4**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ДИРЕКТОРОТ НА КОВЗРГ, ДАРИЈАН СОТИРОВСКИ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ И ГЕНЕРАЛНИОТ КООРДИНАТОР НА ДРУШТВОТО ЗА МАКЕДОНИЈА, ШАТРОВСКИ ОСТВАРИА СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, ЃОРЃИЕВСКИ

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ДОСТАВИ ОФИЦИЈАЛНО БАРАЊЕ ДО УКИМ И МСМЈЛК ЗА ПОВТОРНО ОТВОРАЊЕ НА ЛЕКТОРАТОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ТИРАНА

**Страница 5**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО АЛЕКСАНДАР КОСТИЌ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ГАЛИЧНИК

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ВО СОРАБОТКА СО РАКОМЕТНИОТ КЛУБ "ЕНХАЛОН" ОД СТРУГА ДОНИРАА НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА МАКЕДОНЧИЊАТА ВО ТРЕБИШТЕ, ГОЛО БРДО

**Страница 6**

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ДОБИ ВЕРСКИ КАЛЕНДАРИ ОД МПЦ-ОА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

ЦЕНТРАЛНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ПО РЕАКЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ГО КОРИГИРА ПЛАКАТОТ И СЕГА СТОИ МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА БАРА ИТНО ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ЏЕПИШТЕ – ТРЕБИШТЕ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО ДА РАБОТИ 24 ЧАСА

**Страница 7**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА И ОГРАНОК ГОЛО БРДО БАРА ДА СЕ ФОРМИРААТ ОПШТИНА ГОЛО БРДО И ГОРА ПОМИНА ДЕВЕТ ГОДИНИ ОД ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПОДЕЛБА И НЕМА ПРОСПЕРИТЕТ ЗА ГОЛО БРДО И ГОРА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ УЧЕСТУВАШЕ НА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ЖЕНИТЕ НА МАЛЦИНСТВАТА"

**Страница 8**

ВО МАЛИЌ ПОСТАВЕН СПОМЕНИК НА МАКЕДОНЕЦОТ НИКОЛА КАЛФА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ НА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Страница 9**

ЌЕ СЕ РЕСТАВРИРА ПЕШТЕРСКАТА ЦРКВА "СВ. БОГОРОДИЦА" НА ОСТРОВ МАЛ ГРАД

МАКЕДОНИЈА ГО ПРЕЗЕМА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО СО ОБСЕ

**Страница 10**

АЛБАНИЈА ПРЕД РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ И ВРАЌАЊЕ НА 20-ТЕ ИКОНИ ВО МАКЕДОНИЈА

ЗАПОЧНАА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ НА ПАТОТ ЕЛБАСАН – ЌАФАСАН ДЕЛ ОД КОРИДОРОТ 8

**Страница 11**

ВО СЕПТЕМВРИ ПОПИС ВО АЛБАНИЈА





## ЧЕТИРИНАЕСЕТ ГОДИНИ МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА

## KATËRMBËDHJETË VJET SHOQATA MAQEDONASE "ILINDEN"-TIRANË

## FOURTEEN YEARS OF THE MACEDONIAN ASSOCIATION "ILINDEN"-TIRANA

## ЧЕТРИНАЕСЕТ ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА

Оваа година се навршуваат четринаесет години од 6 февруари 2009 година -денот на формирањето на Македонското друштво “Илинден”-Тирана. Македонско друштво “Илинден”-Тирана е регистрирано во Основниот суд во Тирана, со цел заштита и афирмација на македонскиот етнички, јазичен, културен, верски, историски и државен идентитет, на Македонците во Република Албанија.

Македонското друштво “Илинден” -Тирана, за периодот од четринаесет години оствари безброј средби со многу државни институции во извршната и локална власт, а соработката ја проширивме со невладиниот сектор, во земјата и странство.

Македонско друштво “Илинден”- Тирана е член на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) од 16. мај 2015 година и дел од Работната група на словенските малцинства при ФУЕН. Како активен партиципиент во ФЕУН, членови на Друштвото досега учествува во сите конгреси и поднесува резолуци, што придонесува Македонското друштво “Илинден”-Тирана рамноправен член и силен глас на Македонското национално малцисвто од Албанија.

Во изминатите четринаесет години како претседател на Македонско друштво “Илинден”- Тирана, заедно со моите соработници, имавме можност да оствариме бројни работни и официјални посети, да се сретнеме и да соработуваме со владини институции, како во Република Албанија, така и во матичната држава Македонија, како и со меѓународни организации.
При сите реализирани средби со претставниците на државните институции во Република Албанија, во матичната држава Македонија и европските институции ја користевме секоја прилика да размениме мислења за важни прашања за унапредувањето на положбата и правата на македонското национално малцинство во Република Албанија. Иако не секогаш наоѓаме заедничко или задоволително решение за одреден проблем, сепак должна благодарност искажувам на сите државни институции во Албанија, Македонијаи низ светот.
Ја користам оваа прилика да упатам добронамерна критика до Владата на Република Албанија и до надлежните министерства и организации да посветат посебно внимание и позитивно да одговорат на нашето барање за настава на мајчинот македонски јазик за децата во областите Голо Брдо и Гора, и насекаде каде има значителен број Македонци. Идентично како тоа веќе се остварува во областа Мала Преспа.
Бараме Владата да изврши промена на штетната територијална организација на локалната самоуправа и да ги прифати општините во областите Голо Брдо и Гора каде живеат Македонци.
Исто време бараме од Владите на Албанија и Македонија целосна функционалност на граничниот премин Требиште – Ѕепиште во областа Голо Брдо, кој што е потребен за да може луѓето полесно да комуницираат од двете страни на границата.
Нашите ставови за Законот за националните малцинства во Република Албанија се исти како и пред донесувањето на овој Закон. Неколкупати укажавме, дека Законот треба да ги реши горливите проблеми на националните малцинства, но со новодонесениот Закон се постигна токму спротивен ефект. Донесе дополнителни проблеми, кои се негативни не само за Македонците, туку и за Република Албанија во целина.
Го повикувам Комитетот за национални малциства да покаже поголема активност за македоснкото малцисвто во Република Албанија, а не да биде во сенка. Комитетот треба да ги воздигне малцинствата и да им помага во борба за опстанок во Република Албанија.
Македонско друштвото “Илинден“-Тирана останува посветено на борбата за македонско национално малцинство во Република Албанија, за унапредување на положбата и правата на Македонците врз основниот принцип на меѓународното право на еднаква суверeност.
Посебно благодарност сакам да упатам до сите што помогнале на Македонско друштвото “Илинден“-Тирана и големо благодарност до г-дин Бил Николов, претседател на Македонското меѓународно движење за човекови права од Канада што овозможува весникот “Илинден“ да стане глас на Македонците во Република Албанија.
Сакам да ги повикувам сите државни институции како и сите политички партии и невладиниот сектор во матичната држава Македонија да дадат поддршка на Македонците во Република Албанија, да дават поддршка во контунитет за решавање на горчливите проблеми што се сочуват.
Македонците во Република Албанија и Албанците во Република Македонија се мостови на братство и пријателство меѓу двата народа и двете држави.

Ние не трчаме да победиме, туку да преживееме. Не за нас, туку за идните генерации.
Македонското друштво "Илинден" денес ја прославува својата четринаесет годишна работа, а за неговите постигнувања оставаме повеќе да каже историјата.

**Да се вечни Македонците во Република Албанија!**
**Да живее албанското - македонско пријателство!**

**Со почит,**
**Никола Ѓурѓај**
**Претседател на Македонското друштво "Илинден"- Тирана**

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ОСТВАРИ СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ПОТПРЕСЕДАТЕЛ НА ВМРО-ДПМНЕ, АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ



Претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, г-дин Никола Ѓурѓај на 20. 01. 2023 година во Собранието на Република Македонија оствари средба со Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции и Потпреседател на ВМРО-ДПМНЕ, г-дин Александар Николоски. На работната средба претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, го информираше г-дин Николоски, за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонско национално малцинство во Република Албанија и за одредени иницијативи кои што може да се покренат во Собранието. Пред се се разговара околу целосна функционалност на граничниот премин Требиште – Ќепиште во областа Голо Брдо кој што е потребен за да можат полесно да комуницираат луѓето од двете страни на границата. Потребно е македонската влада да даде поголема поддршка на активностите кои ги имаат Македонците во Република Албанија преку програмите кои ги има МНР пред се за Македонците кои живеат во соседните држави. Низ дискусијата г-дин Александар Николоски, покажа исклучителен интерес за положбата на Македонците во Република Албанија. Секако, во опсегот на надлежностите, искажа подготвеност да помогне за подобрување и унапредување на малциските права на Македонците во Република Албанија. Претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана топло и се заблагодарува за срдечна средба.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, СЕ СРЕТНА СО СТУДЕНТИ ОД ГОЛО БРДО КОИ СЕ ШКОЛУВААТ ВО СКОПЈЕ



Претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај на 22.01.2023 година освари средба со студентите по потекло од областа Голо Брдо, кои се школуваат во Скопје. Станува збор за етнички Македонци од Голо Брдо владини стипендисти на Владата на Македонија, кои се редовни студенти на Економскиот, Правниот и Медицинскиот факултет во Скопје. Разговараме за проблемите со кои се соочуваат во текот на студирањето, изјави Ѓурѓај за Македонски весник "Илинден". Додаде дека се поголем број млади од оваа област со завршено основно образование, во Голо Брдо, средното образованието го „продолжуваат во татковината Македонија", пред се во Струга, Охрид, Битола и Прилеп. Повеќето од нив тука го продолжуваат и факултетското образование пред се во Битола, Штип, Прилеп и Скопје. Во ова пригода беше истакната заложбата што повеќе деца да бидат испраќани во татковината Македонија со цел да се образуваат во матичната држава за иден кадар на Македонците во Република Албанија, посочи Ѓурѓај. Тој редовно има средби и со средношколците од Голо Брдо а кои се школуваат во средни училишта во Македонија.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛАЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ДИРЕКТОРОТ НА КОВЗРГ, ДАРИЈАН СОТИРОВСКИ



Претседателот на македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај на 20.01.2023 година оствари средба со Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), г-дин Даријан Сотировски. На работната средба претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, го информираше г-дин Даријан Сотировски за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонско национално малцинство во Република Албанија. Низ дискусијата, покажа исклучителен интерес за положбата на Македонците во Република Албанија. Секако, како Директорот на КОВЗРГ, Даријан Сотировски искажа подготвеност да помогне за подобрување и унапредување на малциските права на Македонците во Република Албанија. Претседателот на Македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај на г-дин Даријан Сотировски топло и се заблагодарува за срдечна средба.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ И ГЕНЕРАЛНИОТ КООРДИНАТОР НА ДРУШТВОТО ЗА МАКЕДОНИЈА, ШАТРОВСКИ ОСТВАРИА СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, ЃОРЃИЕВСКИ



Претседателот на македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај и генералниот координатор на друштвото за Македонија, Ламбе Шатровски на 18.01.2023 година остварија средба со градоначалникот Општина Кисела Вода, Орце Ѓорѓиевски. На работната средба претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, го информираше градоначалникот Орце Ѓорѓиевски за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонско национално малцинство во Република Албанија. На состанокот се отворија повеќе теми, пред се за делувањето на ова здружение кое повеќе од една декада работи на унапредување на правата и можностите на Македонците во Албанија, но и за перспективите за заедничка соработка меѓу Македонско друштво “Илинден”-Тирана и Општина Кисела Вода. Беа договорени повеќе активности за промоција на културните вредности, можности за едукација и работни посети. Градоначалникот Ѓорѓиевски ја истакна својата подготвеност да помогне во подобрувањето на малцинските права на Македонците во Република Албанија и истакна дека силно верува дека соработката со Македонско друштво “Илинден”-Тирана е успешен чекор кон оваа голема цел.

Низ дискусијата, градоначалникот Орце Ѓорѓиевски покажа исклучителен интерес за положбата на Македонците во Република Албанија. Секако, како градоначалник на Општина Кисела Вода искажа подготвеност да помогне за подобрување и унапредување на малциските права на Македонците во Република Албанија. Претседателот на Македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај на , градоначалникот Орце Ѓорѓиевски и подари Македонски весник “Илинден” топло и се заблагодарува за срдечна средба.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ДОСТАВИ ОФИЦИЈАЛНО БАРАЊЕ ДО УКИМ И МСМЈЛК ЗА ПОВТОРНО ОТВОРАЊЕ НА ЛЕКТОРАТОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ТИРАНА

Лекторат по македонски јазик на Универзитетот во Тирана, веќе е повеќе од потребен. Не само заради големиот интерес за македонистиката од страна на новите генерации на македонската заедница којашто е втора по бројност меѓу малцинствата во Албанија, туку и за да се овозможи сите студенти што студираат филологија во Тирана да можат да го изучуваат и македонскиот јазик. Овој лекторат би бил клучен за унапредување на културните врски меѓу двата народа и двете држави, за развивањето на добрососедските односи и за градењето нови мостови на соработка меѓу македонската и албанската академска научна



средина. Ова меѓу другото беше истакнато на состанокот меѓу директорката на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (МСМЈЛК при УКИМ), проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска и претседателот на македонското друштво "Илинден" од Тирана, Никола Ѓурѓај. На состанокот, Ѓурѓај, до УКИМ достави и официјално барање од Друштвото, за реактивирање на Лекторатот по македонски јазик на Факултетот за странски јазици на Универзитетот во Тирана.

Како што беше нагласено на состанокот, покрај подготвеноста на УКИМ, за остварување на барањето е неопходен интерес и од страна на Универзитетот во Тирана и клучни се заложбите од институциите на нашата држава – најпрво дипломатски, а потем и заложби за обезбедување финансиски средства за функционирање на лекторатот. МСМЈЛК при УКИМ во рамките на своите надлежности, стоејќи зад определбата за зголемување на присуството на македонскиот јазик на странските универзитети, изразува решеност и подготвеност да ги обезбеди потребните материјали и стручноста кои би гарантирале успешна настава по македонски јазик, литература и култура. Но и да се заложи пред институциите, во поширок контекст да се сфати колку е важно и потребно и Универзитетот во Тирана да биде високообразовен центар на кој ќе се изучува македонистиката. На состанокот беше разговарано и за досегашните состојби со македонистиката во Тирана. Во минатото, неколку години, на Универзитетот во Тирана функционирал Лекторат по македонски јазик, кој е потврда и за засведочениот интерес за македонистиката во албанската академска заедница. Но веќе повеќе години, за жал, на Универзитетот во Тирана, македонистиката воопшто не се изучува, а интересот за неа, како што нагласуваат од македонското друштво "Илинден" е голем и забележлив и оттука, реактивирањето на Лекторатот, веќе се смета за неопходно. Мојсова-Чепишевска и Ѓурѓај го споделија мислењето дека овој лекторат би придонел не само за присуството на македонистиката во албанската академска средина, туку и за содејство во развојот и на македонската и на албанската филологија, затоа што со добри познавачи на двата јазика во двете земји ќе може да се остварат и заеднички чекори во унапредувањето на балканистиката. Едновремено, како што беше напоменато, со работата на лекторатот би се отвориле перспективи за заеднички научноистражувачки проекти, но и за нови активности во областа на културата кои ќе овозможат нови синтези меѓу двата народа. МСМЈЛК при УКИМ продолжува со активностите за остварување на својата мисија за развивање и афирмација на странската македонистика и со залагања за нови центри во светот на кои ќе се изучуваат македонскиот јазик, литература и кулура. Неодамна започнаа со работа Катедра и Лекторат по македонски јазик на Универзитетот на Анкара, а веќе се одвиваат активности и за отворање лекторат по македонски јазик во Пекинг. Во рамките на своите надлежности, МСМЈЛК при УКИМ ќе се заложи за остварување и на иницијативата за лекторат по македонски јазик во Тирана.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО АЛЕКСАНДАР КОСТИЌ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ГАЛИЧНИК



Претседателот на македонското друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај, оствари средба со г-дин Александар Костиќ, претседател на Месна заедница Галичник, Општина Маврово – Ростуша, областа Мала Река, Македонија. На срдечниот разговор искажан е заеднички став за унапредување на соработката меѓу Македонско друштво "Илинден"-Тирана и Месна заедница Галичник и соработка во рамките на манифестацијата Галичка свадба. Секако, во опсегот на неговите надлежности, Костиќ искажа подготвеност да помогне за подобрување на малцинските права на Македонците во Република Албанија. Ѓурѓај искажал голема благодарност, за како што оценува, непосредната и срдечна средба.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ВО СОРАБОТКА СО РАКОМЕТНИОТ КЛУБ "ЕНХАЛОН" ОД СТРУГА ДОНИРАА НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА МАКЕДОНЧИЊАТА ВО ТРЕБИШТЕ, ГОЛО БРДО

Македонско друштво "Илинден"-Тирана во соработка со Ракометниот клуб "Енхалон" од Струга и поддршка од Хуманитарна организација "Свети Спас" од Скопје, Македонија се реализираше заедничка донација во Требиште областа Голо Брдо. Посебно здоволство е што за Македончињата во Админстративната единица Требиште во областа Голо Брдо се донираа 50 новогодишни пакетчиња во соработка со ракометен клуб "Енхалон" од Струга, Админстративната единица Требиште, областа Голо Брдо и донаторот на новогодишните пакетчиња Хуманитарна организација "Свети Спас" од Скопје. Врз



основа на потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Македонско друштво “Илинден“-Тирана и Ракометниот клуб “Енхалон“ од Струга. Македонско друштво “Илинден“-Тирана упатува благодарност до г-дин Дејан Костески претседател на Ракометен клуб “Енхалон“ од Струга, г-дин Едмонд Османи, Администратор на админстративната единица Требиште, областа Голо Брдо и голема благодарност до донаторот на новогодишните пакетчиња, Хуманитарна организација “Свети Спас” од Скопје.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДОБИ ВЕРСКИ КАЛЕНДАРИ ОД МПЦ-ОА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА




Македонското друштво “Илинден”-Тирана доби верски календари за 2023 господово лето, кои бесплатно ќе бидат распределени на Македонците во Република Албанија, информираше за Македонски весник “Илинден”, Никола Ѓурѓај претседател на друштвото. Во име на друштвото и на Македонците тој искажува голема благодарност до Македонската православна црква – Охридска Архиепископија и архиепископот г.г. Стефан што и годинава доделува одреден број верски календари за кои постои се поголем интерес меѓу Македонците. Како друштво, веќе неколку години по ред, добиваме бесплатни верски календари од МПЦ-ОА, кои потоа им се распределуваат на Македонци во Албанија. Од мое лично име, од име на друштвото и на Македонците искажувам голема благодарност за МПЦ – ОА на поглаварот г.г. Стефан за покажаната добра волја да им подари на Македонците од Албанија дел од своите верски календари, рече Ѓурѓај. Додава дека интересот меѓу Македонците од година во година е се поголем и посочува дека календарите веќе се достапни а за да се добие календар треба само да се контактира со друштвото.

## ЦЕНТРАЛНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ПО РЕАКЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГО КОРИГИРА ПЛАКАТОТ И СЕГА СТОИ МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО




По реакциата на Македонското друштво “Илинден”-Тирана, Централната изборна комисија го коригира постерот на македонски јазик именувајќи како македонско национално малцинство, како што официјално се признава во Република Албанија. Македонското друштво “Илинден”-Тирана упатува благодарност за брзо решавање од Централната изборна комисија.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА БАРА ИТНО ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ЏЕПИШТЕ – ТРЕБИШТЕ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО ДА РАБОТИ 24 ЧАСА



Македонско друштво “Илинден”-Тирана и Македонско друштво “Илинден”- Огранок Голо Брдо бара од Влада на Албанија граничниот премин Џепиште – Требиште во областа Голо Брдо кој беше отворен во мај 2013 година. Владите на Македонија и Албнија на заедничката седница одржена во Поградец на 15 декември 2017 година донесоја одлука граничниот премин Џепиште -Требиште да работи 24 часа уште не работи. Движењето е посебно тешко во зимскиот период кога и преминот работи од 08:00 до 18:00 ч со оглед на ситуацијата во зимскиот период движењето е повеќе ограничено и од природни околности како што се самите ниски температури и

врнежи од снег и создава големи проблеми во комуникацијата во областа Голо Брдо.
Македонско друштво “Илинден”-Тирана и Македонско друштво “Илинден”- Огранок Голо Брдо бара итно да се реши овј голем проблем за Македонците во областа Голо Брдо. – стои во соопштението потпшано од претседателот Никола Ѓурѓај и на петседеателот на огранокот за Голо Брдо, Фатри Фетаху.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА И ОГРАНОК ГОЛО БРДО БАРА ДА СЕ ФОРИМИРААТ ОПШТИНА ГОЛО БРДО И ГОРА ПОМИНА ДЕВЕТ ГОДИНИ ОД ТЕРИТОРИАЛНАТА ПОДЕЛБА И НЕМА ПРОСПЕРИТЕТ ЗА ГОЛО БРДО И ГОРА



После девет години од реформата на територијалната организација на локалната самоуправа, областите Голо Брдо и Гора каде што живеат Македонци, останаа неразвиени, а услугите од државната администрација и локалната самоуправа отежнати. Во 2014 година Владата ги укина и општините Требиште, Острени и Стеблево во областа Голо Брдо, за првите две да ги приклучи кон општина Булќиза, како и општините Шиштевац и Запот во областа Гора кои сега се приклучени кон општина Кукс. Единствена македонска општина во Република Албанија остана општина Пустец во областа Мала Преспа. И покрај барањата на Македонската заедница во 2014 година, Владата не ги удоволи нивните барања за формирање на општините Голо Брдо и Гора! Македонците во областите Голо Брдо и Гора, укинувањето на општините го сметаат за чекор назад во почитувањето на малцинските права во Република Албанија. Македонското друштво “Илинден”-Тирана и Македонското друштво “Илинден”-Огранок Голо Брдо повторно го актуелизираат барањето од пред 2014 година, Владата да предложат изменување и дополнување на Законот за општините со формирање на две општини: општина Голо Брдо и општина Гора. Македонското друштво “Илинден”-Тирана и Македонското друштво “Илинден”-Огранок Голо Брдо сметаат дека градоначалниците не треба да бидат именувани од Владата туку избрани на избори од граѓаните, заради нивната доверба во системот и непосредно решавање на локалните комунални проблеми.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ УЧЕСТУВАШЕ НА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ЖЕНИТЕ НА МАЛЦИНСТВАТА“




Претседателот на Македонско друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај денска учествуваше на презентација на студија Колку се еднакви малцинските организации? Презентирана ФУЕН студија за проектот „Жените на малцинствата“.
На настаните на ФУЕН честопати доживуваме дека соодносот на половите не е избалансиран. На нашите конгреси, конференции и годишни состаноци учествуваат значително повеќе мажи отколку жени. Но, исто така, во квалитативна смисла, ако ги погледнете говорите и панелистите, жените се недоволно застапени – и оваа слика често е репрезентативна за нивното општо присуство во раководните тела. „Ова ни даде храна за размислување во ФУЕН и се роди идејата за проектот „Жени на малцинствата“, објасни генералниот секретар на ФУЕН, Ева Пенцес на почетокот на денешниот онлајн состанок, на кој присуствуваа околу 20 луѓе од организациите членки на ФУЕН од 13 земји. Што е статус кво? Дали жените во малцинствата се малцинство, во официјалните тела и раководството? Колку е еднакво во нашите организации? Кои се предизвиците? Со цел да добиеме одговори на овие прашања и да ја процениме статус квото, во ноември испративме прашалник до нашите организации членки. Задоволни сме што преку 40 организации учествуваа и на овој начин помогнаа да се добие сеопфатна слика. Резултатите од ова истражување на почетокот на состанокот ги презентираше Зора Попова, научен офицер на ФУЕН. Одговорите покажаа дека жените во основа се добро застапени во организациите, особено во оперативната област, додека мажите доминираат на лидерски позиции, односно во претседателства или одбори. Жените ја вршат работата додека мажите седат во раководството“, ја резимираше ситуацијата Зора Попова. Што се однесува до знаењето за родовата еднаквост и насоките, беше откриено дека околу две третини од организациите учеснички имаат знаење, но многу малку од нив имаат официјални документи или упатства за родовата еднаквост во организацијата. Ретко кој присуствувал на обука на оваа тема. „Резултатите покажуваат дека има потреба од поголема родова еднаквост“, посочи Зора Попова. „Главната пречка наведена е традиционалната улога на жената, која не остава време за други активности помеѓу семејството и работата. Факт што можеше да го потврди Евгенија Нацулиду, учесничка на средбата.
„Она што жените го постигнаа преку женското движење е да имаат избор. Но: жените денес сè уште




имаат премногу обврски приватно, додека мажите се фокусираат на нивните кариери". Сепак, недостатокот на промоција, недостатокот на свест или стереотипи во организацијата исто така стојат на патот за подобра родова еднаквост, покажуваат резултатите. Како мерки што се потребни, учесниците во студијата ги наведоа обуката за менаџмент, поддршка од експерти како и подигање на свеста за темата со цел да се создаде свест на прво место.

Проектот „Жените на малцинствата" ќе се фокусира на размена на идеи за можни идни активности и истражување на можни подобрувања. Кои алатки може да се искористат за да се донесе промена кон подобра застапеност на жените во малцинските организации? Ова е она на што треба да работиме на следните состаноци и дискусии. Една од идеите е да се претставаат жените од водечки, активни позиции во малцинствата како пример за надминување на стереотипите. Учесниците се согласија со овој пристап. „Помагањето една на друга може да биде решение. Мораме да ги мотивираме жените да не се извинуваат секогаш и да се бориме против скриената дискриминација што сите жени ја доживуваат во секојдневниот живот", рече Елиса Ферекиду. И не е неважно: „Треба да вклучиме мажи за да се справиме со проблемот", додаде Еугенија Нацулиду. Госта Тофт, потпретседател на FUEN, ги охрабри сите присутни да останат на врвот на прашањето и да планираат понатамошни активности. FUEN има важна улога како посредник за знаење и движечка сила. Како можеме да им помогнеме на нашите партнери да развијат стратегии и упатства за родова еднаквост? Како можеме да ги мотивираме жените да преземат поактивни улоги во нивните организации и на нашите настани? Ова се прашањата на кои ќе се бараат одговори во текот на проектот и – во најдобар случај – ќе се применат во пракса. Пројектот се рализира благодарение на Сојузното Министерство за внатрешни работи и внатрешни работи на Сојуза Република Германија.

## ВО МАЛИЌ ПОСТАВЕН СПОМЕНИК НА МАКЕДОНЕЦОТ НИКОЛА КАЛФА



Познатиот претприемач Ѓерѓ Луца, пред една година најави заживување на поранешната фабрика за шеќер во општина Малиќ, враќајќи и го стариот сјај преку инвестиции и работа. Уништените магацини за брзо ќе бидат новиот дом на "Rozafa Fish City" во југоисточната општина на Република Албанија. Ѓерѓ Луца се пофали дека подигнал споменик во чест на Никола Калфа, кој ја водел фабриката на шеќерот во славните години. Овој човек овде е Никола Калфа, поранешниот директор на комбинатот кој учествуваше во изградбата на овој голем комбинат. Го водеше со илјадници вработени, од Корча, од околината, од Малиќ. Затоа го изработивме првиот споменик за спомен на овој великан, – вели Луца. Луца нагласува дека пожртвуваноста и работата на таквите луѓе треба да се промовира кај сите млади луѓе, заради нивна мотивација за живот и работа во Албанија. Никола Калфа е со македонско потекло од селото Врбник, областа Девол. Врбник е македонско егејско село во Албанија.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ НА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Денес, 25.01.2023 год, претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај учествуваше на состанокот преку интернет врска, на кој зедоа учество повеќе претставници на малцинствата во Европа. Македонското друштво "Илинден"-Тирана како член на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) од 2015 год., истовремено е дел на работната група на словенските малцинства во ФУЕН. Во тоа својство партиципираше на состанокот по повод подготовките и одржувањето на голема конференција за малцинствата во 2023 година. Како во секоја пригода, така и на овој состанок, Никола Ѓурѓај ги презентираше проблемите со кои се соочува македонско национално малцlistво во Република Албанија на полето на образованието, состојбата на македонското население после изгласувањето на несоодветната територијална поделба и други проблеми. На состанокот, преку интернет врска, беа поврзани учесници од Албанија, Србија, Босна и Хрватска. Претставниците на малцинствата од Западен Балкан разменија идеи за можни теми за планираната конференција, која начелно е закажана за април




2023 год. Се сондираше мислење за тоа со какви предизвици и проблеми се соочуваат националните малцинства во нивните земјите? Какви достигнувања и развој има постигнато секое малцинство, а се разговараше и за тоа дали треба позитивните искуства да се споделат со другите малцинства? Ова беа прашањата за кои различните претставници на малцинствата понудија свои согледувања. Меѓу темите како најзастапени се издвоија: територијалните реформи, асимилацијата, образованието, учеството и реакциите во врска со резултатите од соодветните пописи, финансирањето на активностите на малцинствата итн. Тоа се теми кои треба да бидат застапени на идната конференција бидејќи ги засегаат сите малцинства од Западен Балкан, а од која треба да се очекуваат сериозни заклучоци и препораки за земјите од Западен Балкан. Македонско друштво ”Илинден”-Тирана е член на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) од 16. мај 2015 година и дел од Работната група на словенските малцинства при ФУЕН.

## ЌЕ СЕ РЕСТАВРИРА ПЕШТЕРСКАТА ЦРКВА “СВ.БОГОРОДИЦА” НА ОСТРОВ МАЛ ГРАД



Регионалната дирекција за национална култура од Корча ќе ја реставрира црквата Света Богородица, на островот Мал Град, кај Пустец, Мала Преспа ќе има санација на панорамската патека и осветлување на островот Мал Град. Проектот е дизајниран од тимот на регионалната дирекција за национална култура од Корча и ќе се реализира со финансиска поддршка на Европската Унија, Министерството за култура на Албанија и Министерството за култура Македонија во рамките на проектот „Smart4you2“. Овој прекуграничен проект доаѓа како продолжение на проектот „SmartCulTour“ со партнерите од Општина Битола , Општина Пустец, Центарот на музеи од Битола и ДРТК Корча Проектот има за цел да го зголеми туристичкиот потенцијал на Преспа преку создавање уникатна дестинација со реставрација на црквата Света Богородица во Мал Град, и истакнување на природните и културните вредности преку монументалното осветлување на патеката и околината каде што се наоѓа. На овој остров се наоѓа пештерската црква „Св. Богородица“, која со својот фрескоживопис отскокнува од другите пештерски цркви расфрлани по бреговите на Преспанското и Охридското Езеро. Оваа црква низ времето претрпела измени. Тоа го знаеме од трите сочувани натписи кои се наоѓаат на неа. Во првиот натпис, пишува дека основач на црквата е Бојко со жена му Евдокија во 1345 година. Во вториот натпис, пишува дека црквата е возобновена во 1369 година од Кесар Новак, неговата сопруга Кали, син Амирал и ќерката Марија. Третиот натпис датира во 1607 година, кога е насликана надворешната западна фасада. Внатрешноста на црквата, е целосно живописна и е доста позната по ѕидните фрески од Византискиот палеолошки стил.

## МАКЕДОНИЈА ГО ПРЕЗЕМА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО СО ОБСЕ




Под слоганот „За луѓето се работи“, фокусот на македонското претседавање со ОБСЕ годинава, ќе биде ставен врз хуманата безбедност во ера на регионална и глобална несигурност и нестабилност. Претседавачот Бујар Османи најави дека, војната во Украина останува врвен приоритет, а ќе се фокусира и на намалување на тензиите, обновување на довербата, просперитетот и севкупната безбедноста на луѓето.
Османи вели и дека, ова зајакнато меѓународно профилирање значи и долгорочен влог во економски развој, нови можности за младите и стабилност. На

државата и се дава можност, да го покаже својот капацитет, да биде клучен играч и да ги води и да придонесува за меѓународните процеси. Честитка денеска стигна и од премиерот.
Претседавањето на Македонија со ОБСЕ ќе трае во текот на целата 2023 година. Програмата на македонското претседавање, министерот Османи ќе ја презентира пред Постојаниот совет на ОБСЕ, во Виена на 12 јануари.

## АЛБАНИЈА ПРЕД РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ И ВРАЌАЊЕ НА 20-ТЕ ИКОНИ ВО МАКЕДОНИЈА



Денес, 25.01.2023 год, претседателот на Македонско друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај учествуваше на состанокот преку интернет врска, на кој зедоа учество повеќе претставници на малцинствата во Европа. Македонското друштво “Илинден“-Тирана како член на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) од 2015 год., истовремено е дел на работната група на словенските малцинства во ФУЕН. Во тоа својство партиципираше на состанокот по повод подготовките и одржувањето на голема конференција за малцинствата во 2023 година. Како во секоја пригода, така и на овој состанок, Никола Ѓурѓај ги презентираше проблемите со кои се соочува македонско национално малцство во Република Албанија на полето на образованието, состојбата на македонското население после изгласувањето на несоодветната територијална поделба и други проблеми. На состанокот, преку интернет врска, беа поврзани учесници од Албанија, Србија, Босна и Хрватска. Претставниците на малцинствата од Западен Балкан разменија идеи за можни теми за планираната конференција, која начелно е закажана за април

## ЗАПОЧНАА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ НА ПАТОТ ЕЛБАСАН – ЌАФАСАН ДЕЛ ОД КОРИДОРОТ 8



По потребните подготвителни активности, почнаа градежните работи за реконструкција и проширување на патниот правец граничен премин Ќафасан, на албанско-македонската граница до градот Елбасан.
Според директорот на Агенцијата за државни патишта Ервис Бербери, работите на овој патен правец ќе се одвиваат во три фази, поради високиот трошок во државниот буџет, додека во моментов се започнати работите на делницата Фуш Лабинот-Мирак.
Започнаа работите на првиот сегмент, кој е во должина 5,3 километри, кој почнува од Фуш Лабинот и завршува во Мирак. Вредноста на првата фаза од проектот е 2,6 милијарди лека со вклучен ДДВ, според потпишаниот договор. Патот ќе биде од категорија Б, која вклучува 4 ленти за движење со минимална брзина од 110 километри на час, го заобиколува Прењас и влегува кај Рајце, рече Бербери.
Додаде дека проектот предвидува интервенција на постојниот пат, но и изградба на нови сегменти во зависност од теренот. Напоредно со тоа ќе се направи студија за изградба на бајпас во Елбасан, со цел да не се влегува во градот.
Бибери посочува дека патниот правец Ќафасан – Прењас – Елбасан (8,1 километар) е дел од Коридорот 8 и главен јазол на копнената врска со Македонија и Грција и последните години има за неколкупати зголемена фреквенција.
Изграден пред повеќе од две децении единствените инвестиции беа во неговото одржување. Во нашата анализа оценуваме дека проширувањето на патот ќе ги намали сообраќајните незгоди и честите блокади, го олеснува сообраќајот и го скратува времето на патување, како во правец кон Македонија, така и во правец кон Корча, со зголемување на максималната дозволена брзина, додава Бербери.
Оваа важна делница се очекува да биде завршена во рок од две години, вели тој и додава дека ако до денес од Ќафасан до Елбасан се потребни 1 час и 30 минути, по изградбата, ова оддалеченост ќе се минува за само 35 минути.

## ВО СЕПТЕМВРИ ПОПИС ВО АЛБАНИЈА



Институтот за статистика на Албанија соопшти дека пописот на населението, домаќинствата и становите ќе се спроведе во септември година. Поточно оваа статистичка операција ќе почне на 18 септември и ќе трае шест недели. Процесот ќе го следи методот на непоредно броење заснован на теренски операции со пополнување прашалници од страна на попишувачите, стои во објавата на ИНСТАТ.

Пописот најпрво беше планиран да се спроведе во 2020 година, но беше одложен поради пандемијата, потоа беше најавено дека ќе почне на први октомври 2022 година. За таа цел беше распишан тендер за набавка на 8.000 таблети, но по поднесена жалба до комисијата за јавни набавки беше поништен и пописот одложен. Во услови на необезбедување алатки потребни за собирање информации на терен, невозможно е да се спроведе оваа активност.

Институтот за статистика останува посветен на својата цел да го спроведе пописот на населението и становите во согласност со стандардите и препораките на Обединетите нации и Статистичката канцеларија на Европската унија (Евростат), образложи ИСТАТ на крајот на август минатата година.

Инаку, последниот попис, спроведен во 2011 година го бојкотираа Македонците, Грците, Власите, Ромите, Србите, и Египќаните, поради „дискриминаторскиот закон за попис со кој се предвидуваше казна од илјада долари за секој кој ќе каже друга етничка припадност од онаа што му пишува во матичната евиденција“. Поради бојкотот тие беа попишани според матичната евиденција.

Исто така малцинствата не ги признаа резултатите од пописот, поради тоа дека „пописниот процес бил преполн со манипулации, злоупотреби и ја немало потребната транспарентност, поради што за малцинствата тој е целосно неуспешен“.

Како што информираа од ИНСТАТ за претходно најавениот попис прашалникот ќе ги содржи истите прашања како и на пописот во 2011 година.

Содржи чувствителни прашања, етничка и верска припадност, јазик, прашања за лицата со попреченост, а ќе имаме прашања и за домување, други. Пописот е статистичка активност која е регулирана со конкретен закон и за прашањата поединците се изјаснуваат она што се чувствуваат на доброволна основа и доколку не одговорат сега не е предвидена казна.

Апликацијата е организирана на таков начин што одговорот не може да се измени подоцна, ова за да се избегне погрешно толкување, тврдет од ИНСТАТ.

Според пописот од 2011 година Албанија има 2,9 милиони жители наспроти 3,8 милиони до падот на комунизмот, по што почна бранот на масовна миграција.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**



Манастир „Св. Наум Охридски“ на брегот на Охридското Езеро